Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-807/4

______ година 21-12-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08-807/1 од 14.11.2023 година поднесена од [redacted] од Тетово против Министерство за правда на Република Северна Македонија за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 21.12.2023 година, го донесе следниот

## **ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ЗАПИРА** постапката по претставка бр. 08-807/1 од 14.11.2023 година заради повлекување на претставката од страна на подносителот [redacted]

## **Образложение**

На ден 14.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] против Министерство за правда на Република Северна Македонија, заведена под бр. 08-807/1.

Подносителот на претставката на ден 18.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за прекинување на постапката, заведено под арх. бр. 08-807/3, со кое ја извести Комисијата дека бара да се прекине постапката по неговата претставка со арх. бр. 08-807/1 од причина што од страна на Министерството за правда донесено е Решение бр. 04-3103/1 од 18.12.2023 година со кое повторно го распоредуваат на работното место Раководител на Подрачно одделение- Тетово.

Во оваа насока, член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи: „Комисијата носи заклучок за неповедување или за запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето."

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја запре постапката за заштита од дискриминација.

Скопје
21.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за правда, ул. Димитрие Чуповски бр. 9, 1000 Скопје